Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Administrata Tatimore e Kosovës
Poreska Administracija Kosova
Tax Administration of Kosovo

REPUBLIKA E KOSOVËS / REPUBLIKA KOSOVA / REPUBLIC OF KOSOVO
Qeveria e Kosovës / Vlada Kosova / Government of Kosovo
Ministria e Financave / Ministarstvo za Financije
Ministry of Finance
Administrata Tatimore e Kosovës / Poreska Administracija Kosova / Tax Administration of Kosova
ARKIVA / ARHIVA / ARCHIVE
Njësia Org. / Org. Jedin. / Org. Unit Z.Q
Nr. Prot / Br. Prot / Prot. No 09-06-3670
Data 10.10.2018
PRISHTINË

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

И

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА НА КОСОВО

Овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум“) се склучува помеѓу:
Министерство за финансии - Управа за јавни приходи на Република Македонија претставувана од Директорката, Сања Лукаревска
и
Министерство за финансии - Даночна администрација на Косово претставувана од Директорот, Сакип Имери.

Министерство за фининасии - Управа за јавни приходи на Република Македонија и Министерство за финансии - Даночна администрација на Косово во понатамошниот текст се означуваат како „Страните“ и поединечно како „Страната“.

## ПРЕАМБУЛА

— Имајќи ја во предвид волјата да се продлабочи соработката, да се унапредат меѓусебните односи во насока на развој и размена на искуства во приоритетните области на секоја од Страните,

— Имајќи го во предвид зголеменото значење на меѓусебната помош, доверба, разбирање и заедничката борба против фискалната евазија,

— Со надеж за промоција на напредните методи за наплата на приходите преку трансфер на знаење и искуство во имплементацијата на проекти и активности во полето од заеднички интерес,

— Потврдувајќи ја одлучноста за почитување на легислативата на двете Страни, во областите на соработка од делокругот на работа на институциите,

— И со желба да се постигне плодна соработка на полето на модернизацијата на работењето,

Страните се договорија за следното:

**Член 1**
**Основни принципи**

Основниот принцип на овој Меморандум е да се поттикне соработката помеѓу Страните во согласност со важечките закони и регулативи на Република Македонија и на Република Косово.

Одредбите на овој Меморандум не можат да покренат никакво правно барање во име на било која од Страните или од трети страни. Во оваа смисла, одредбите не прејудицираат, ниту претпоставуваат било какви конкретни одлуки или активности, кои би биле обврзувачки и наметнати за некоја од Страните или на трети страни.

Сите разлики во толкувањето или примената на овој Меморандум, Страните ги решаваат спогодбено по пат на взаемен договор.

**Член 2**
**Области за соработка**

Страните соработуваат во согласност со овој Меморандум во области од делокругот на нивното работење, заради: размена на искуство, трансфер на знаење и на најдобри практики, подобрување на работењето на Страните, поттикнување на доброволна даночна усогласеност, како и превенција, откривање и борба против даночна евазија во двете земји.

**Член 3**
**Координација и финансиски трошоци**

Страните одлучуваат за конкретни активности на соработка согласно овој Меморандум.

Опсегот и временската рамка на секој елемент на соработката се утврдуваат взаемно, со согласност помеѓу двете Страни.

Секоја Страна може да назначи соодветно лице(а) за контакт и/или за координација на активностите за соработка според овој Меморандум.

Секоја Страна ги покрива своите трошоци кои настануваат при спроведувањето на овој Меморандум.

**Член 4**
**Доверливост**

Секоја Страна се обврзува да ги почитува и да постапува во согласност со одредбите за доверливост и заштита на податоци пропишани со законите и регулативите во Република Македонија и во Република Косово.

**Член 5**
**Измени на одредби**

Одредбите од овој Меморандум може да се изменат во било кое време, и под исти услови како што бил склучен, по претходна меѓусебна согласност на двете Страни.

Доколку некоја одредба од овој Меморандум, од било која причина и во било која од двете Страни, постане неважечка, неприменлива или незаконска, истата одредба ќе се измени по претходно доставено известување од Страната каде што настанала причина за измената и со склучување на Анекс на овој Меморандум помеѓу Страните.

Измената на одредби нема да влијае на останатиот дел од овој Меморандум за соработка, којшто ќе остане во сила и важност.

**Член 6**
**Престанок на важење**

Овој Меморандум престанува да важи по истекот на 90 (деведесет) дена од денот на приемот на писмено известување за престанок на важноста на Меморандумот од било која од Страните.

**Член 7**
**Решавање на спорови**

Страните се договараат меѓусебно за начинот на решавање на сите отворени прашања поврзани со овој Меморандум.

**Член 8**
**Стапување во сила**

Овој Меморандум стапува во сила на денот на потпишувањето од двете Страни и останува во сила во неограничен временски период.

Меморандумот е потпишан во 3 (три) оригинални примероци на: македонски јазик, албански јазик и англиски јазик, секој текст подеднакво веродостоен. Во случај на разлики во толкување, текстот на англиски јазик ќе биде меродавен.

Овој Меморандум е потпишан во PRISHTINA на 10/10/2018 година.

Страни потписнички на Меморандумот:

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

Сања Лукаревска

Република Косово
Министерство за финансии
Даночна администрација на Косово

Сакип Имери